Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 547 www.mchamber.mk 27.10.2023



## СУШТИНСКА ПРОМЕНА ВО НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРИМАЕРЕН ФОКУС НА ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА

## МЕХАНИЗМОТ НА ЕУ ЗА ЈАГЛЕРОДНО ГРАНИЧНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ (CBAM) ДЕТАЛНО ПРЕТСТАВЕН ПРЕД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

## ПРИЗНАНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА АЛКАЛОИД, РАДЕ КОНЧАР – ТЕП И САСА

30.10.2023, Семинар
ПОПИС НА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ, ПРИЗНАВАЊЕ И МЕРЕЊЕ

30.10.2023, Семинар
ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ИСПЛАЌАЊЕТО НА ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ПОРАДИ БОЛЕДУВАЊЕ , БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО, ПАУЗИ И ОДМОРИ И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ТРОШОЦИ: ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА,

31.10.2023, Семинар
ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВРЗ ОСНОВА НА АНАЛИЗА НА РИЗИК

31.10.2023, Семинар
ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ИЗГРАДБАТА НА ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ

01.11.2023, Семинар
БЕСПЛАТНО ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА: “ПРИДОБИВКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАКО ЕДЕН ОД НАЈЕФИКАСНИТЕ НАЧИНИ НА АЛТЕРНАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ”

03.11.2023, Семинар
КАКО ДА РАЗВИЕТЕ ЕФИКАСНА CONTENT MARKETING СТРАТЕГИЈА

08.11.2023, Работилница
ИЗМЕНИ ВО НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОДНОС НА ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОДОБРУВАЊЕ И ДОДАТОЦИТЕ НА ИСХРАНА, ОЗНАЧУВАЊЕТО И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ТВРДЕЊА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## КАМПАЊА ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ




Цел на оваа кампања на Групацијата е намалување и искоренување на злоупотребите на личните податоци кои не одат никому во прилог: ниту на измамените, ниту на финансиските друштва, ниту на државата. Финансиската едукација е насочена кон сите субјекти во општеството, односно не е насочена само кон клиентите на финансиските друштва, физичките и правните лица, туку и кон вработените во финансиските друштва, односно ниven тренинг и едукација за препознавање и надминување на ваквите ситуации во секојдневното работење. На овој начин, истакна г-дин Јошевски, инвестираме во подобрување на финансиската писменост, се залагаме за одговорно кредитирање и да бидеме авангарда во заштитата на личните податоци.

Воедно тој укажа дека финансиските друштва членки на Групацијата подеднакво инвестираат и во едукацијата на внатрешни тимови. Воспоставувањето на концепти и процедури фокусирани на зајакнување на знаењата и вештините на вработените, усовршување на методологиите на работење и зајакнување на системот за заштита на клиентите се приоритет на финансиските друштва.

Г-дин Јошевски е уверен дека со оваа кампања, ќе допринесеме за подобрување и бришење на ваквите ситуации во македонската економија. Секој има свој допринос и доколку работиме заедно, злоупотребите на личните податоци ќе се намалат, а цел на Групацијата е тие да исчезнат. Оваа кампања сите финансиски друштва истовремено ќе ја комуницираат низ каналите на социјалните медиуми, повторувајќи ја посветеноста на Групацијата за транспарентност и интегритет во работењето. Во следниот период Групацијата ќе соработува со повеќе институции и тоа: Министерството за Финансии,

Агенцијата за заштита на лични податоци, МВР, Државен пазарен инспекторат и сите останати надлежни институции.

Групацијата на финансиски друштва при Стопанската комора на Северна Македонија продолжува активно да работи на поттикнување на одговорното кредитирање, заштита на клиентите, подобрување на бизнис условите на пазарот, усогласување со глобалните стандарди, како и подобрување на видливоста и репутацијата на небанкарските финансиски институции.

Финансиските друштва се најмладиот и најдинамичниот сегмент на финансискиот систем, кои по малку, но постојано, од година во година го зголемуваат своето учество. Тие одобруваат кредити, издаваат и администрираат кредитни картички, вршат факторинг и издаваат гаранции. Со својата кредитната активност, финансиските друштва овозможуваат пристап до финансиски средства на одредени катергории на физички и правни лица кои имаат отежнат пристап до кредити кај банките (традиционалните форми на кредитирање).

Во изминатата деценија експанзијата на финансиските друштва се огледа во нивниот зголемен број, растот на бројот и вредноста на новосклучени договори, порастот на кредитите и зголемениот број на кредитокорисници. Финансиските друштва вработуваат повеќе од 1300 млади луѓе и оваа година ќе платат над 10 милиони евра даноци кон државата.

Според НБРМ заклучно со 30.06.2023 година вкупната кредитна изложеност на граѓаните и фирмите во Македонија била 7 Милјарди Евра, а изложеноста кон финансиските друштва е 140 милиони евра или само 2% од вкупната кредитна изложеност.









# СУШТИНСКА ПРОМЕНА ВО НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРИМАЕРЕН ФОКУС НА ЕКОНОМСКАТА ДИПЛОМАТИЈА



Македонската дипломатија ширум светот функционира во рамки на скромни финансиски можности на државата за нејзина поддршка. Фактот дека финасиските ресурси се значително ограничени ја наметнува потребата од изострен фокус на македонката дипломатија кон работите што се од егзистенционално значење на македнската економија и држава, како што е извозот и првлекувањето странски директни инвестиции, вели во емисијата „Економска дипломатија", претседателот Бранко Азески.

Укажува дека решението не е да се зголеми присуството во странските земји за уште неколкумина економски промотори од земјата. Потребна е суштинска промена во начинот на функционирање на македонската дипломатија, таа да стане стожер а не пропратна активност. Само така ќе може да функционира доминантно во функција на поддршка на македонксиот извоз, зголемување на присуството на постојните и пробив и освојување на нови пазари.

# Стопанска комора на Македонија и СПАТУМ заеднички за поддршка на иновации и иницијативи кои значат напредок, развој и додадена вредност за стопанството




Потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, на 26.10.2023 година оствари средба со извршниот директор на Народна техника на Македонија, Перо Митрев како и со претставникот од Сојузот на пронаоѓачите и автори на технички унапредувања на Македонија-СПАТУМ, Слободанка Трајковска која е и координатор на саемот на иновации МАКИНОВА И ЕКОНОВА.

Тема на средбата беше претстојната "44-та Меѓународна изложба за иновации, пронајдоци, патенти, дизајн, идеа, нови производи и технологии, трговски марки, истражувачки проекти и младинско творештво-МАКИНОВА 2023" и "21-вата Меѓународна изложба за еколошки иновации и истражувачки проекти, ЕКОНОВА 2023" кои ќе се одржат во периодот од 10 до 12 ноември 2023 година во Берово. Настанот им овозможува на сите иноватори да ги презентираат своите пронајдоци и научни истражувања а истовремено претставува платформа за размена на искуства и визии. Георгиева Јовевска во името на Стопанската комора на Северна Македонија изрази подготвеност да даде поддршка на сите иницијативи кои значат напредок, развој и додадена вредност за стопанството.

Инаку, Сојузот на пронаоѓачите и автори на технички унапредувања на Македонија-СПАТУМ е носител на јавно овластување за вршење на дејности во областа на техничката култура. Една од најзначајните активности за анимирање и промовирање на иновативното творештво во Македонија која СПАТУМ ја организира се настаните МАКИНОВА И ЕКОНОВА.

Стопанската комора е традиционален партнер на СПАТУМ која доделува награди на најуспешните иновации во нашата држава.

Ги информираме компаниите дека СПАТУМ има објавено конкурс за "44-тата Меѓународна изложба за иновации, пронајдоци, патенти, дизајн, идеа, нови производи и технологии, трговски марки, истражувачки проекти и младинско творештво-МАКИНОВА 2023" и "21-вата Меѓународна изложба за еколошки иновации и истражувачки проекти, ЕКОНОВА".



# МЕХАНИЗМОТ НА ЕУ ЗА ЈАГЛЕРОДНО ГРАНИЧНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ (CBAM) ДЕТАЛНО ПРЕТСТАВЕН ПРЕД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР



Во рамки на Активностите на двата УСАИД проекти: „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција" и „Партнерства за економски раст", во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија се одржа информативен настан на тема „Механизмот на ЕУ за јаглеродно гранично прилагодување: Концепт, имплементација и предизвици", во коорганизација со Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо.

Преку настанот компаниите се информираа за Механизмот за јаглеродно гранично прилагодување (Carbon Border Adjustment Mechanism – CBAM) чија основна цел е да овозможи наплата на праведна цена за јаглеродот што се емитува во текот на производството на некои јаглеродно-интензивни стоки при нивниот увоз во ЕУ, но и да поттикне почисто индустриско производство во земјите кои не се членки на Унијата.

На настанот, д-р Златко Ветеровски, Помошник директор за Сектор за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција при Царинската управа на Република Северна Македонија, пред присутните ги претстави основните карактеристики на Механизмот и неговите импликации врз македонската економија и извоз. Исто така, за да им се овозможи на компаниите навремено да се подготват за неговото воведување на 1 јануари 2026 година, на настанот детално беа објаснети и разгледани, постапките, известувањата, сертификатите за содржина на јаглеродот, поддршката и неговото следење, како и практични примери за спроведување на Механизмот.

Дополнително, претставниците на приватниот и јавниот сектор имаа можност да се запознаат со даночната политика на земјата во однос на Механизмот, која ја изложи Александра Наќева Ружин, Посебен советник на Министерот за финансии во Владата на Република Северна Македонија.

# ПРИЗНАНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА АЛКАЛОИД, РАДЕ КОНЧАР – ТЕП И САСА









На овогодинешниот избор Советот за Безбедност и здравје при работа, министерството за труд и социјална политика додели награди на компании кои беа највисоко оценети. Методот на оценувањето на системите и применетата практика за безбедност и заштита при работа во компаниите, ја изврши специјална комисија составена од стручни лица од оваа област и лекари по медицина на трудот.

Рудникот за олово и цинк САСА во Македонска Каменица како голема компанија е победник во годишниот избор за најдобар систем за безбедност и здравје при работа за 2023.

“САСА продолжува со неуморни напори за осигурување на безбедна и здрава работна околина за своите вработени, изведувачи и посетители. Нашата примарна цел е да постигнеме ‘нула повреди во текот работно време’ во САСА. Горди сме на нашите постигнувања во областа на безбедноста и работните услови, кои се резултат на ангажманот на сите вработени и на нашите непрекинати инвестиции во високите стандарди за безбедност во индустријата - изјави генералниот директор Кристофер Колбурн.

Во текот на последните шест години, САСА вложи значително. Воведени се модерни процедури за безбедност и превенција од повреди при работа, дополнителни обуки се редовно спроведуваат од страна на тимот по безбедност и надворешни експерти. Со воведување на нова технологија и опрема како и дигитализација на процесите се очекува унапредување на работните услови и безбедноста во целиот рудник.

Заради подобрување на способноста за одговор при итни случаи во рудникот, изградени се и специјални комори за спасување кои се опремени со најсовремена опрема, а формиран е и посебен тим за безбедност и спасување чии членови континуирано се обучуваат за спроведување на најновите безбедносни техники.

Втора голема команија, најголемата македонска фармацевтска куќа „Алкалоид“ е сито така добитник на признание за компанија со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа за 2023 година. „Алкалоид“ како компанија која постојано вложува во унапредување на овој систем, ги следи сите работни процеси и ги имплементира најдобрите практики за зачувување на здравјето на вработените, посебно користејќи ги придобивките од дигитализацијата и од дигиталните технологии, што резултира во безбедна работна средина и во широко препознаена и наградена заложба за безбедност и здравје при работа.

Раде Кончар ТЕП освои престижната награда за најдобро имплемантиран систем за безбедност и здравје при работа во 2023 година вор ангот на средни компании. Во изјавата, компанијата изразува благодарност и задоволство за ова признание, истакнувајќи ангажманот на компанијата во обезбедување на здрава и безбедна работна средина за своите вработени. Основниот фокус на компанијата е на сите аспекти на физичкото, менталното и социјалното здравје и безбедност на работното место, целта и приоритетот е да се гарантира безбедна работна средина за секој работник, прилагодена кон специфичните потреби на работното место. Политиката за безбедност и здравје при работа на Раде Кончар ТЕП има за крајна цел секој работник, по завршување на работниот ден, да се врати кај своето семејство, безбеден и здрав, со сето достоинство и задоволство.

Во рамки на Европската недела за безбедност и здравје при работа, насловена „Безбедност и здравје при работа во дигиталната ера“, се реализира настан во организација на Советот за БЗР и со поддршка од Министерството за труд и социјална политика. Целта е да се зголеми нивото на знаење за важноста на безбедноста и здравјето при работа во новото време на експанзивни дигитални промени.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
30.10.2023

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ИСПЛАЌАЊЕТО НА ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА




Стопанската комора на Северна Македонија, на 30 октомври 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Задолжителни обврски на работодавачите и начин на постапување по однос на исплаќањето на додатоци на плата и надоместоци на плата поради боледување, бременост, раѓање и родителство, паузи и одмори и други специфични трошоци: јубилејна награда, отпремнина, испратнина, надоместок за смрт на работникот или член на неговото семејство“.

На онлајн работилницата сеопфатно ќе се обработат некои од најчестите основи кои предизвикуваат обврска за работодавачот за плаќање надоместоци и додатоци на плата. Пред сé, ќе се анализира боледувањето како основ за платено отсуство од работа. Ќе се направи дистинкција на обврските на работодавачот наспроти оние на Фондот за здравствено осигурување во поглед на нивната улога на исплаќачи на надоместокот на плата. Потоа, ќе се дискутира и за отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како и за останатите основи за исплаќање надоместок на плата согласно законските и подзаконските прописи.

Во рамки на обработката на надоместоците на плата, ќе се анализираат и надоместокот за годишен одмор како и дел од поспецифичните надоместоци и трошоци поврзани со работата како: Јубилејна награда, отпремнина, испратнина, надоместок за смрт на работникот или член на неговото семејство

Со оглед на дилемите кои често се јавуваат во контекст на плаќањето на работата, на работилницата ќе се обработат и додатоците на плата.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
31.10.2023

## ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВРЗ ОСНОВА НА АНАЛИЗА НА РИЗИК

Семинарот од областа на заштита на личните податоци ке се одржува со физичко присуство и има за цел да опфати актуелни теми од најсуштинскиот акт-Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци од Законот за заштита на личните податоци:

1. Начин на примена на одредбите од Правилникот, особено од аспект на анализа на ризик,односно дали во иста мера важи за сите контролори/обработувачи;
2. Практични совети и чекори за правење Проценка на влијание врз заштитата на лични податоци.

Законот за заштита на личните податоци е влезен во примена уште во 2021 година и има исклучително високи барања и критериуми за усогласеност за сите субјекти кои обработуваат лични податоци. Оттука, особено ќе се осврнеме на новите правила и стандарди при обработка на личните податоци од аспект на примена на Законот и подзаконските акти со цел да се избегнат потенцијалните ризици од непотребни казни.

Предавач:

- ДИМИТАР ЃЕОРГИЕВСКИ – Експерт и консултант за заштита на личните податоци и поранешен директор на Дирекцијата за заштита на лични податоци.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

Семинар
31.10.2023

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ИЗГРАДБАТА НА ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ

Можностите за инвестирање во обновливи извори на енергија се од ден на ден се повеќе препознаени од инвеститорите. Во текот на годините се согледани од страна на креаторите на правите и законските рамки одредени потешкотии кои го отежнуваат процесот на изградба на електрана за производство на електрична енергија. Од тие причини се направени измени во Законот за градење и Правилникот за обновливи извори на енергија со цел да се олесни постапката на изградба.

На почетокот предавањето се фокусира на запознавање со нов концепт наречен производител – потрошувач (prosumer). Измените во националната регулатива придонесоа отстранување на главните пречки кои го оспоруваа зголемениот продор на вакви учесници на пазарот на енегија. Оваа можност е од особено значење за бизнисите кои се можеби први на удар во времиња на енергетска криза. Предавањето се стреми да ги презентира сите потребни чекори и постапки од проектирање до инсталација, кои треба да се превземат за изградба на фотонапонска електрана за производство на електрична енергија како и вклучување во концептот за производител – потрошувач.

Предавањето ќе продолжи кон запознавање на учесниците со последните измени во Законот за градење во постапката за изградба на фотонапонска електрана. Дополнително ќе биде даден детален преглед на релевантните постапки и барања што треба да се направат за изградба на една електроцентрала за производство на електрична енергија од обновливи извори, како и чекорите по изградба на електраната до успешно впуштање во употреба и производство на електрична енергија. Исто така, учесниците ќе бидат запознаени со релевантните институции за секоја одредена постапка.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
03.11.2023

# КАКО ДА РАЗВИЕТЕ ЕФИКАСНА CONTENT MARKETING СТРАТЕГИЈА

Социјалните медиуми заземаат сè поголемо место во маркетинг комуникацијата на брендовите во светот, а вистинскиот пристап е тоа што ги издвојува најдобрите. Content Marketing во денешно време е несомнено еден од најефикасните начини преку кои бренд може да ја сподели својата приказна, да се поврзе со публиката и да оствари резултати на долг рок. Овој пристап полека станува фундамент на присуството на брендовите онлајн, овозможувајќи им поголема исплатливост на инвестициите преку оформување на долгорочни, лојални врски со клиентите. Стратешкиот пристап во креирањето на содржини овозможува подобро планирање, полесно спроведување и долгорочно, подобар ROI.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 3 ноември 2023 година организира интерактивен семинар на тема: „Како да развиете ефикасна Content Marketing стратегија", којшто се фокусира на теоретско и практично изучување на content marketing како метод на комуникација на дигиталните медиуми.

На овој семинар ќе бидат дискутирани можностите и придобивките кои ги нуди Content marketing стратегијата, ќе бидат изучени конкретни чекори како да се состави стратегија од овој тип, како и ќе се дискутираат студии на случаи од светски и локални примери кои на долг рок креираат содржина која носи резултати. Преку практични вежби, посетителите ќе имаат можност да поминат низ симулација за креирање на стратегија и да ги направат првите чекори во креирање на овој тип на стратегии за нивните брендови.

Интерактивниот семинар комплетно ќе се фокусира на запознавање на посетителите со важноста и процесот на развивање на стратегија базирана на маркетинг на содржина преку теоретски и практичен сегмент.

Семинарот е креиран за претставници на маркетинг, PR и HR секторите во компании или организации, кои се одговорни за самостојно креирање на содржина за дигитални канали, во промотивни цели. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**101**
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088